Врз основа на член 62 став (6) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 43/12, 145/12 и 87 /13), министерот за здравство донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за висината на трошоците на постапката за оценување на исполнувањето на условите во однос на просторот и/или опремата за основање здравствена установа и за донесување решение за дозвола за работа на здравствена установа**

**Член 1**

Со овој правилник се определува висината на трошоците на постапката за оценување на исполнувањето на условите во однос на просторот и/или опремата за основање здравствена установа и за донесување решение за дозвола за работа на здравствена установа.

**Член 2**

Висината на трошоците во одделни постапки за оценување на исполнувањето на условите во однос на просторот и/или опремата за основање здравствена установа и за донесување решение за дозвола за работа на здравствена установа, во зависност од видот на здравствената установа, изнесува:

- за ординација, поликлиника, дијагностичка лабораторија, заботехничка лабораторија и аптека - 6.000 денари;
- за центар, здравствен дом, болница (општа, специјализирана, клиничка), болница за нега и институт - 18.000 денари; и
- за универзитетска клиника, универзитетски институт и универзитетски клинички центар -18.000 денари .

**Член 3**

Висината на трошоците во постапките за оценување на исполнувањето на условите во однос на просторот и/или опремата за основање здравствена установа и за донесување решение за дозвола за работа на здравствена установа, поведени согласно членот 318 став 1 од Законот за здравствената заштита, по барање за обновување на дозволата за работа на здравствена установа, изнесува:

- за ординација, поликлиника, дијагностичка лабораторија, за заботехничка лабораторија и аптека - 3.000 денари;
- за центар, здравствен дом, болница (општа, специјализирана, клиничка),
- болница за нега и институт - 9.000 денари; и
- за универзитетска клиника, универзитетски институт и универзитетски клинички центар - 9.000 денари.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 07-4566/3
24.06.2013 година

Министер за здравство,
НИКОЛА ТОДОРОВ